Неда МИЛЕВСКА КОСТОВА
Снежана ЧИЧЕВАЛИЕВА

АГЕНДА 2030: ЗДРАВЈЕТО КАКО СЕОПФАТНА ЦЕЛ НА ОДРЖЛИВИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

М-р Неда Милевска Костова, магистер по јавни политики и менаџмент, извршен директор на ЦРИС Студиорум

М-р Снежана Чичевалиева, магистер на правни науки, Шеф на Канцеларијата на СЗО во Македонија и в.д. програмски менаџер за национални здравствени политики, СЗО Регионална канцеларија за Европа

Вовед

На Самитот за одржлив развој, кој се одржа во Њујорк од 25-27 септември 2015 година, официјално е усвоена историски значајна нова агенда насловена "Трансформирање на нашиот свет: Агенда 2030 за одржлив развој" ("Transforming Our World: The 2030 Agenda for Sustainable Development"). Новата агенда, усвоена од 193 земји-членки на Обединетите Нации, се состои од Декларација, 17 Одржливи развојни цели (ОРЦ) и 169 таргети.

Агендата 2030 е производ од најголемиот консултативен процес во историјата на Обединетите Нации, предводени од земјите-членки, и со широко учество голем број засегнати страни, како што се граѓанските организации, приватниот сектор и академската заедница. Организацијата на Обединетите нации (ОН) имаше улога на фацилитатор на овој глобален консултативен процес. Управувачките органи на Светската здравствена организација го следеа процесот, оценува

напредокот, и активно учествуваа во овој нов циклус на глобалната посветеност кон одржливиот развој, вклучувајќи ги глобалните тематски консултации, а особено тематската консултација за здравје, одржана во Боцвана (2012).

Агендата 2030 ги интегрира сите три димензии на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки), што претставува голема промена од пристапот на повеќе фрагментирани паралелни процеси кон една сеопфатна и универзална агендата за населението, планетата и просперитетот воопшто, втемелени во мир, инклузивност, силно и посветено владеење и глобалното партнерство. Таа, исто така препознава и утврдува дека повеќето од развојните цели се меѓусебно поврзани, меѓузависни, како мрежа на експлицитни релации меѓу целите преку нивните таргети кои треба да помогнат во интерсекторската интеграција, кохерентноста на политиките и примената на пристапот цела влада и цело општество.

Европскиот регион на Светската здравствена организација (СЗО) е отворен за изготвената глобална агенда за здравје. Европската рамковна политика за здравје и благосостојба, Здравје 2020 која е целосно усогласена со Агендата 2030, веќе три години го гради патот кон подобро здравје, обезбедувајќи услови кон постигнување на амбициозните одржливи развојни цели (ОРЦ).

Здравјето во агенда 2030: сеопфатна цел на одржливиот развој

Во текот на процесот на преговори, земјите на Европскиот регион на СЗО, меѓу кои е и Македонија, играа значајна улога во застапувањето за здравјето и неговата централна улога во новата развојна агенда. По усвојувањето на Агендата 2030, земјите имаат обврска за спроведување преку "локализација" на агендата на национално ниво и нејзина интеграција со националните развојни планови и таргети.

Во суштината на седумнаесетте одржливи развојни цели лежи тезата дека искоренувањето на сиромаштијата и нееднаквостите, создавањето инклузивен економски раст и зачувувањето на планетата се неразделно поврзани, не само едни со други, туку и со здравјето на населението; и дека односите меѓу секој од овие елементи се динамични и реципрочни.

Посебна цел е посветена на здравјето, ОРЦ 3: Ообезбедување здрав живот и промоција на благосостојба за сите во сите возрасти, која го профилира здравјето како посакуван исход за себе. Но значајно е дека

здравјето исто така претставува влезен параметар на другите цели, и веродостојно мерило за напредокот на одржливиот развој воопшто.

Слика 1. Глобални потреби - ОРЦ 3: Здравствената цел и нејзината поврзаност со другите ОРЦ



Здравствените таргети ја вклучуваат "незавршената работа" од ерата на Милениумските развојни цели (МРЦ), како и задржување на моментумот на големата трансформација во здравствената сфера која зема замав во текот на периодот на МРЦ. Тие предвидуваат храбро целење кон намалување на напливот на незаразните болести. Тие, исто така конкретно зборуваат и ги адресираат детерминантите на здравјето; економските, социјалните и еколошките како што се сиромаштијата, зголемената урбанизација, загадувањето и климатските промени.

Значајните здравствени прашања, преточени во тагети на ОРЦ 3 вклучуваат сексуално и репродуктивно здравје и права, ментално здравје, злоупотреба на супстанции, како и спроведување на Рамковната конвенција на СЗО за контрола на тутунот. Еден дополнителен таргет го адресира прашањето на намалување и управување со националните и глобалните здравствени ризици, на пример, од заразни болести.

Универзалниот пристап до здравсвтена заштита е единствениот таргет које проткаен низ сите на целите поврзани со здравјето, имајќи ја предвид поврзаноста со здарвствените и сродните таргети во другите ОРЦ. Насочувањето кон универзалниот пристап до здравствени услуги бара силни и ефикасни здравствени системи кои ќе можат да

одговорат на целиот спектар здравствени детерминанти, со обновени заложби за спроведување на хуманоцентрични решенија, кои ќе ја одржат својата отпорност во економски кризи.

Слика 2. Здравјето како цел, здравјето како таргет...

Светската здравствена организација како стручна институција, овозможувач и промотор на здравјето како фактор за економски раст и социјален развој е целосно ангажирана во соработката со земјите-членки и партнерите во насока на исполнување на поставените таргети, ставајќи акцент на намалувањето на здравствените нееднаквости и промоцијата на еднаквост и социјална инклузија за сите подеднакво, не оставајќи никого настрана. И политиката Здравје 2020 и Агендата 2030 нудат вкрстен ефект: Здравје 2020 овозможува сеоофатен пристап кон постигнување на ОРЦ и Агендата 2030, додека пак Агендата 2030 обезбедува одржливост на Здравје 2020, по 2020 година, подобрена и адаптирана за потребите на населението на СЗО европскиот регион до 2030 година.

РАМКА 1. ОРЦ3: здравствена цел и таргети

Цел 3. Обезбедување здрав живот и промовирање благосостојба за сите во сите возрасти

3.1 Намалување на стапката на матерналнa смртност на глобално ниво на помалку од 70 на 100.000 живородени

3.2 Спречување на превентабилна смртност кај новороденчиња и деца под 5-годишна возраст

3.3 Ставање крај на епидемиите на СИДА, туберкулоза, мала-

рија и занемарени тропски болести и продолжување на борбата против хепатитис, болести кои се пренесуваат преку водата и други заразни болести

3.4 Намалување за една третина на предвремената смртност од незаразни болести преку превенција и лекување, и промовирање на менталното здравје и благосостојба

3.5 Зајакнување на превенцијата и третманот на злоупотреба на супстанции

3.6 Преполовување на бројот смртни случаи и повреди од сообраќајни несреќи на глобално ниво

3.7 Обезбедување универзален пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје

3.8 Постигнување на универзален пристап до здравствена заштита

3.9 Значително намалување на бројот на смртни случаи и болести предизвикани од опасни хемикалии и од загадување и контаминација на воздухот, водата и почвата

3.а Зајакнато спроведување на Рамковната конвенција на Светската здравствена организација за контрола на тутунот

3.б Поддршка на истражување и развој на вакцини и лекови за заразните и незаразните болести кои првенствено ги погодуваат земјите во развој и обезбедување пристап до основни лекови и вакцини, во согласност со Декларацијата од Доха за ТРИПС Договорот и јавното здравје

3.с Значително зголемување на здравственото финансирање и регрутирање работна сила, развојот, обуката и ретенцијата на здравствената работна сила во земјите во развој

3.d Зајакнување на капацитетот на сите земји, особено земјите во развој, за рано предупредување, намалување на ризикот и управување со националните и глобалните здравствени ризици

(Извор: Трансформирање на нашиот свет: Агендата 2030 за одржлив развој)

Новата глобална здравстена агенда уште еднаш ја потенцира потребата и важноста на широко поставени и сеопфатни рамковни политики за здравје, кои треба да служат како водич и насока, инспирација и секако директориум на знаења и искуства кон подобри здравствени резултати на глобално ниво. Дополнително, здравјето е јасно препознаено како инвестиција кон одржлив развој.

Табела 1. Здравјето како сеопфатен исход на ОРЦ: таргети поврзани со здравјето

ОРЦ 1. Крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде	
Таргети	1.3 Имплементација на соодветни системи на национално ниво за социјална заштита и мерки за сите 1.5 Изградба на отпорноста на сиромашните и на оние кои се во ранлива состојба и намалување на нивната изложеност на и ранливост во екстремни настани поврзани со климата и други катастрофи
ОРЦ 2. Крај на гладот, постигнувањеобезбеденост со храна и подобрена исхрана, и промовирање на одржливо земјоделство	
Таргети	2.1 Крај гладот и обезбедување пристап на сите до безбедна и здрава храна во доволно количество во текот на годината 2.2 Ставање крај на сите форми на неухранетост
ОРЦ 4. Обезбедување инклузивно, правичнои квалитетно образование и промовирање на можностите за доживотно учење за сите	
Таргети	4.5 Елиминација на половите разлики во образованието и обезбедување еднаков пристап на сите нивоа на образование и стручна обука за ранливите групи, вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет 4.а Изградба и надградба на образовните установи, кои се сензитивни на потребите на децата, лицата со инвалидитет и родово сензитивни и обезбедување безбедна, ненасилна, инклузивна и ефикасна средина за учење
ОРЦ 5. Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња	
Таргети	5.2. Елиминација на сите форми на насилство врз сите жени и девојчиња во јавната и приватната сфера 5.3. Елиминација на сите штетни практики, како детски, рани и присилни бракови и генитална мутилација на жените 5.6 Обезбедување универзален пристап до сексуално и репродуктивно здравје и права
ОРЦ 6. Обезбедување достапност и одржливо управување со водите и санитарни услови за сите	
Таргети	6.1. Обезбедување универзален и еднаков пристап до безбедна вода за пиење за сите 6.2. Обезбедување пристап до правичната и соодветна санитација и хигиена за сите и елиминација на практиките на отворена дефекација
ОРЦ 7. Обезбедување пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерена енергија за сите	
	7.1 Обезбедување универзален пристап до пристапни, сигурни и модерни енергетски услуги
ОРЦ 8. Промовирање на издржан, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите	
	8.5 Достигнување целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите жени и мажи, вклучувајќи ги и младите и лицата со посебни потреби 8.7 Преземање итни и ефикасни мерки за искоренување на принудната работа, елминација на современото ропство и трговија со луѓе и забрана и елиминација на најлошите форми на детски труд 8.8 Заштита на правата на работниците и промоција на безбедни и сигурни работни средини за сите работници

ОРЦ 10. Намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите	
	10.2 Оспособување и унапредување на социјалната, економската и политичката инклузија на сите, без разлика на возраст, пол, хендикеп, раса, етничка припадност, потекло, религија или економски или друг статус 10.7 Озвоможување уредна, безбедна, регулирана и одговорна миграција и мобилност на луѓето, вклучувајќи и преку имплементација на планираните и добро менаџирани миграциони политики
ОРЦ 11. Креирање градови и населби кои се инклузивни, безбедни, прилагодливи и одржливи	
	11.1 Обезбедување пристап на сите до соодветно, безбедно и достапно домување и основни услуги и надградба на сиромашните квартови 11.2 Обезбедување пристап до безбедни, економични, достапни и одржливи транспортни системи за сите, подобрување на безбедноста на патиштата 11.5 Значително намалување на бројот на смртни случаи и бројот на афектираните лица и значително намалување на директни економски загуби предизвикани од катастрофи во однос на глобалниот бруто домашен производ 11.7 Обезбедување универзален пристап до безбедни, инклузивни и пристапни зелени и јавни површини и простори 11.b Значително зголемување на бројот на градови и населби кои усвоиле и применуваат интегрирани политики и планови во насока на инклузивност, ефикасност на ресурсите, митигација и адаптација кон климатските промени, отпорност на катастрофи, како и развивање и спроведување на холистичко управување со ризикот од катастрофи
ОРЦ 12. Обезбедување одржливо производство и потрошувачката	
	12.4 До 2020 година, постигнување на еколошко управување со хемикалии и сите видови отпад во текот на нивниот животен циклус, во согласност со договорените меѓународни рамки, како и значително намалување на нивното ослободување на воздухот, водата и почвата
ОРЦ 13. Преземање итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание	
	13.3 Подобрување на образованието, подигање на свеста и човечките и институционалните капацитети за справувањесо климатските промени, адаптација, намалување на влијанието и рано предупредување
ОРЦ 16. Промоција на мирнодопски и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа	
	16,2 Елиминација на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата и сите форми на насилство и тортура врз децата 16.9 Обезбедување правен идентитет за сите, вклучувајќи матична евиденција
ОРЦ 17. Зајакнување на начините за имплементација и ревитализација на глобално партнерство за одржлив развој	
	17.18 До 2020 година, подобрување на поддршката за градење на капацитетите на земјите во развој за значително зголемување на достапноста на високо-квалитетни, навремени и веродостојни податоците дисагрегирани по основ на приход, пол, возраст, раса, етничка припадност, миграциски статус, инвалидност, географска положба и други карактеристики релевантни во дадениот национален контекст.

(Извор: Transforming our World: the 2030 Agenda for Sustainable Development)

Напори на Агендата 2030 и здравјето на национално ниво

Во преамбулата на нацрт-националната здравствена политика "Заедно за здравје за сите", Агендата 2030 и нејзината ориентација кон одржлив развој се препознаени и вградени како заложба на Владата, нагласувајќи го правото на граѓаните на пристап до здравствена заштита и промоција на сопственото и здравјето на другите, вградено во Уставот; истакнувајќи ја важноста на здраво население како предуслов за одржлив човечки развој и зголемување на продуктивноста; и здравјето како важна цел и составен дел на човековата благосостојба. Националната здравствена политика "Заедно за здравје за сите", подготвена во периодот 2014-2015 година, со ангажирано учество на сите сектори и преку користење различни алатки и модалитети за обезбедување на поголемо учество, досег и сопственост, има силна посветеност кон подобрувањето на здравјето и благосостојбата восите димензии на општеството, и неизбежно преку мотивацијата и ангажирањето на другите сектори во рамките на системската одговорност на владата кон здравјето и благосостојбата, како и преку интерсекторско делување на стратегиски и одржлив начин, адресирајќи ги сите детерминанти на здравјето кои се протегаат низ целото општество.

Слика 3. Заедно за здравје за сите предвидува имплементација на ОРЦ и Агендата 2030

Политиката ги зема предвид комплексниот глобален и европски контекст: ратификуваните меѓународни договори, а особено оние што се однесуваат на човековите права, како и членството на земјата во меѓународни организации, а особено на Светската здравствена организација и во Советот на Европа, како и правни и етичките аспекти поврзани со документите на овие организации, а особено на Европската рамковна политика Здравје 2020, која ги поддржува токму активностите на ниво на цела влада и цело општество кон подобрување на здравјето и благосостојбата. Исто така, имајќи ја предвид аспирацијата и процесите на интеграција на земјата со Европската унија (ЕУ), Македонија се стреми да ги исполни барањата на овој процес во врска со развојот и спроведувањето на националните политики и стандарди поврзани со здравјето во склад со политиките на ЕУ. Особено, новите позиции на ЕУ, вградени во стратегијата Европа 2020, која беше усвоена од страна на земјите-членки за паметен, одржлив и инклузивен раст, претставува важна насока за поврзување на здравјето и развојот на национално ниво.

Рамка 2. Здравјето и заложбите во глобален, европски и национален контекст

Меѓународните заложби за човекови права и правото на здравје се вградени во голем број документи чија имплементација ја следат повеќе тела на Обединетите нации:

- Совет за човекови права
- Универзален периодичен преглед
- Комисија за човекови права (заменета со Советот на човекови права)
- Специјални процедури на Советот за човекови права
- Процедури за приложување жалби на Советот за човекови права

Исто така, постојат и други тела кои ја следат имплементацијата на клучните меѓународни документи и повелби за човекови права:

- Комитет за човекови права (Human Rights Committee,CCPR)
- Комитет за економски, социјални и културни права (Committee on Economic, Social and Cultural Rights, CESCR)
- Комитет за елиминација на расната дискриминација (Committee on the Elimination of Racial Discrimination, CERD)
- Комитет за елиминација на дискриминацијата против жените (Committee on the Elimination of Discrimination against Women, CEDAW)

- Комитет против тортура (Committee against Torture, CAT)
- Поткомитет за превенција на тортура (Subcommittee on Prevention of Torture, SPT)
- Комитет за правата на детето (Committee on the Rights of the Child, CRC)
- Комитет за мигрантски работници (Committee on Migrant Workers, CMW)
- Комитет за правата на лицата со дисабилитет (Committee on the Rights of Persons with Disabilities, CRPD)
- Комитет за присилни исчезнувања (Committee on Enforced Disappearances, CED)

Во оваа насока, Уставот на СЗО се залага за "…највисок достижен стандард на здравје како фундаментално право на секое човечко битие." Правото на здравје вклучува пристап до навремена, прифатлива и пристапна здравствена заштита со соодветен квалитет. Сепак, околу 100 милиони лица на глобално ниво годишно се доведени на работ на сиромаштијата како резултат на здравствени трошоци. Ранливите и маргинализираните групи во општествата најчесто носат неправедно непропорционален дел од здравствените проблеми.[1]

Со своите заложби за заштита на човековите права, вградени во Уставот, Македонија има ратификувано и спроведува низа меѓународни документи, кои може да се најдат на официјалната веб страница на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.[2]

Со своето активно учество во создавањето на ваквиот глобален контекст и доброволното прифаќање и усвојување на европските и ЕУ пристапот и заложби, Владата покажува јасно изразена посветеност на понатамошно инвестирање во заедничко и меѓусекторско делување за подобрување на здравјето и благосостојбата на сите во 21-от век и потоа.

1 WHO, Health and human rights, Fact sheet, http://www.who.int/mediacentre/factsheets/fs323/en/

2 Министерство за надворешни работи, официјална веб страница: http://www.mfa.gov.mk/index.php/en/

Заклучок

За спроведување на новата агенда ќе биде потребна силна национална сопственост. Тоа ќе бара интегриран пристап кон одржлив развој и кохерентност на политиките во различни сектори. Тоа исто така претпоставува добро управување и вложување во пристапите цела-влада и цело-општество. Во таа насока, развојот на стратешки партнерства и ангажирањето на граѓаните и засегнатите страни не само жто претставува потрба туку неопходност и клучен фактор за успех, со оглед на универзалноста и инклузивноста која Агендата 2030 ги внесува на глобалната сцена.

Иако не постои унифицирано и единствено решение за сите, земајќи ги предвид релациите меѓу субнационалните, националните, регионалните и глобални теструктури, земјите ќе треба да обезбедат услови во кои никој нема да биде изоставен.

Ќе биде потребна вистинска трансформативна промена за спроведување на интегриран пристап кон одржлив развој, како и за овозможување и почитување на правата на здравје и благосостојба на секој човек. Визијата и целите на националната здравствена рамковна политика "Заедно за здравје за сите" ги одразува современите случувања и има потенцијал да овозможи ваква трансформативна промена на национално ниво. Изградена врз и раководена од рамките на европската политика за здравје и благосостојба Здравје 2020, националната здравствена политика ја позиционира земјата на вистинскиот пат кон постигнување на одржливите развојни цели. Напорите на Канцеларија на СЗО во земјата се насочени кон поддршка на националните здравствени власти за примена на пристапите цела-влада и цело-општество со цел да се одговори на социјалните, економските и еколошките предизвици од клучно значење за подобрување на здравјето. Земјата има направено добар напредок во многу области, но сепак има уште многу да се направи, а партнерства кон оваа цел ќе бидат од суштинско значење.

Канцеларијата на СЗО ќе продолжи со поддршката на земјата во насока на имплементација за политиката Здравје 2020 и ОРЦ, и ќе делува кон ангажирање на мултисекторски одговор заснова на партнерства. Ова ќе биде главна референтна точка за понатамошен развој и имплементација на националната здравствена политика до 2020 година.

Извршно резиме

Агендата 2030, усвоена во септември 2015 година од страна на Обединетите нации, ги интегрира сите три димензии на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки), што претставува голема промена од пристапот на повеќе фрагментирани паралелни процеси кон една сеопфатна и универзална агендата за населението, планетата и просперитетот воопшто, втемелени во мир, инклузивност, силно и посветено владеење и глобалното партнерство.

Во суштината на седумнаесетте одржливи развојни цели лежи тезата дека искоренувањето на сиромаштијата и нееднаквостите, создавањето инклузивен економски раст и зачувувањето на планетата се неразделно поврзани, не само едни со други, туку и со здравјето на населението. Посебна цел е посветена на здравјето, ОРЦ 3: О обезбедување здрав живот и промоција на благосостојба за сите во сите возрасти, која го профилира здравјето како посакуван исход но исто така го поставува како влезен параметар на другите цели, и веродостојно мерило за напредокот на одржливиот развој воопшто.

Новата глобална здравстена агенда уште еднаш ја потенцира потребата и важноста на широко поставени и сеопфатнирамковни политики за здравје, кои треба да служат како водич и насока, инспирација и секако директориум на знаења и искуства кон подобри здравствени резултати на глобално ниво. Здравјето е јасно препознаено како инвестиција кон одржлив развој.

Во таа насока, и Националната здравствена политика “Заедно за здравје за сите”, подготвена во периодот 2014-2015 година, со ангажирано учество на сите сектори и преку користење различни алатки и модалитети за обезбедување на поголемо учество, досег и сопственост, има силна посветеност кон подобрувањето на здравјето и благосостојбата во сите димензии на општеството, и неизбежно преку мотивацијата и ангажирањето на другите сектори во рамките на системската одговорност на владата кон здравјето и благосостојбата, како и преку интерсекторско делување на стратегиски и одржлив начин, адресирајќи ги сите детерминанти на здравјето кои се протегаат низ целото општество.

Референци

1. Министерство за здравство (2015). Здравје 2020: Сите заедно за здравјето на секого, е/платформа (онлајн ресурс), достапно на: http://zdravstvo.gov.mk/health_2020/
2. OHCHR (2015). Human Rights Bodies (онлајн ресурс), достапно на: http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/Pages/HumanRightsBodies.aspx
3. UN DESA (2015). Partnerships for the Sustainable Development Goals, synthesis report, достапно на: https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/9225Synthesis%20of%20online%20consultation%20rev%202.pdf
4. WHO (2105). Health in 2015: From MDGs to ОРЦs, достапно на: http://www.who.int/gho/publications/mdgs-ОРЦs/en/
5. WHO (2015). Ensure healthy lives and promote well-being for all at all ages, достапно на: http://www.who.int/mediacentre/news/statements/2015/healthy-lives/en/
6. UN (2015). Sustainable Development Knowledge Platform (онлајн ресурс): https://sustainabledevelopment.un.org/?page=view&nr=1017&type=230&menu=2059